Бр. 17-8717/1
25-10-2023 година

Согласно членот 55 став 1 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија"број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19, 110/19), министерот за здравство донесе:

# У П А Т С Т В О

## за начинот на поднесување на барање на странките за признавање на странска специјализација односно суспецијализација како и делови од специјализации и суспецијализации завршени во странство.

1. Се упатуват сите странки, правни и физички лица кои согласно членот 151 став (2) и став (4) од Законот за здравствена заштита поднесуваат "Барање за признавање на странска специјализација односно суспецијализација како и делови од специјализации и суспецијализации завршени во странство" истото да го направат преку уредно пополнување на издаден формулар за таа намена од страна на Министерството за здравство.
2. При поднесување на Барањето од точка 1 од оваа Упатство странките задолжително ги доставуват во прилог сите потребни документи според Листата на потребни документи за признавање на странска специјализација /суспецијализација објавена во веб страната на Министерството за здравство.
3. Поднесените Барања за признавање на странска специјализација односно суспецијализација како и делови од специјализации и суспецијализации завршени во странство се однесуваат исклучиво за гранките на специјализациите и суспецијализациите на медицината, стоматологијата и фармацијата опфатени во плановите и програмите од членот 138 став (2) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12,145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 , 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23).
4. Поднесените барања кои не се однесуваат на гранките на специјализациите и суспецијализациите на медицината, стоматологијата и фармацијата опфатени во плановите и програмите од членот 138 став (2) од Законот за здравствена заштита, ќе бидат отфрлани со акт од стана на министерството за здравство поради стварна ненадлежност.

Подготвил: Бесник Бајрами, дипл.правник
Одобрил:Прим. Д-р. Сузана Маневска
Контролирал: Член на кабинет М-р Блета Рама

МИНИСТЕР,
Dr. Fatmir Mexhiti

Доставено до:
-Архива,
-Управата за електронско здравство.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk